ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКРЕТАР

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 21-4981/17
Датум: 14.07.2025 година
Скопје

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1.За извршител за работното место – УПР0101Г01000 – Самостоен референт, работно место: Администрирање и подготовка на седници на Советот на општината, во Одделение за поддршка и организација на работата на Советот, во Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на општината и архивско-административни работи се избира кандидатот **Жаклина Мегдовска,** со идентификациски код B00B795.
2.Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.
3.Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Карпош, на ден 27.05.2025 година Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 366/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници “Слободен печат”, “Вечер” и “Коха” за вработување на административен службеник на работно место - УПР0101Г01000 - Самостоен референт, работно место: Администрирање и подготовка на седници на Советот на општината, во Одделение за поддршка и организација на работата на Советот, во Сектор за поддршка и организација на работата на Советот на општината и архивско-административни работи.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.10-1144/4 од 13.06.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 17.06.2025 година во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна

селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 7 кандидати, од кои 5 уредни кандидати и 2 неуредни кандидати. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на ден 07.07.2025 година, во 11:00 часот спроведе испит за административен службеник, а на ден 11.07.2025 година во 11:00 часот спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 1 уреден кандидат согласно Записник бр.10-1144/8 од 11.07.2025 година.

Согласно добиените бодови од административна селекција, испитот за административен службеник и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по Јавен оглас број 366/2025, заведени под бр.10-1144/9 од 11.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил:Н.Таневски
Проверил:

**СЕКРЕТАР**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Весна Стефанова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ

__Доставено до:__
- Именуваната,
- Агенцијата за администрација,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата на Општина Карпош.